**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**ЕКСТРА НАГРАДНА ИГРА ВО ЕКСТРА МАРКЕТ**

1. **Организатор** :
   Организаторот на наградната игра е Друштво за производство , трговија и услуги ЕКСТРА МАРКЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија со седиште на ул.Булевар Гевгелија бр.18 во Гевгелија

2. **Цел на наградната игра** :
   Целта на оваа наградна игра е промовирање и рекламирање на производите на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ МАРКЕТИ .

3. **Името на наградната игра е** ,,ЕКСТРА НАГРАДНА ИГРА ВО ЕКСТРА МАРКЕТ.
   Времетраењето на наградната игра е од 10.04.2019 до 07.08.2019 година .
   Наградната игра е од типот ,, извлекување на наградни купони ,,

4. **Потврда :**
   Потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра е сметка над 1.000,00 денари , за која се добива налепница и истата се залепува на наградниот купон кој за да учествува во наградната игра треба да содржи 10 налепници .

5. **Територија :**
   Наградната игра ќе се приредува на територијата на Р.Северна Македонија , односно во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ .

6. **Податоци за наградите во наградната игра** :
   Во наградната игра ќе се доделуваат вкупно 27 награди и тоа :

| **Вид на награда** | **ОПИС НА НАГРАДА** | **Број на награди** | **Поединечна вредност на наградата** | **Вкупна вредност на наградите** |
|---|---|---|---|---|
| Главна | Автомобил CITROEN NOV C3 FEEL 1.2VTi 82 E6.2 | 1 | 587.100,00 | 587.100,00 |
| Споредна | Машина за перење BEKO WTE 6511 80 | 5 | 10.800,00 | 54.000,00 |
| Споредна | Телевизор TV LED FUELGO 43 EL 610 AND T | 5 | 12.699,00 | 63.495,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Споредна | Фрижидер BEKO DSA 240 K21 W | 5 | 9.200,00 | 46.000.00 |
| Споредна | Таблет SAMSUNG SM-T280 NZKASSE WHITE | 5 | 8.999,00 | 44.995.00 |
| Споредна | Ваучер SMARTPHONE SAMSUNG S10+ 8GB+128GB (SM-G975FZGDSEE) Green | 1 | 60.999,00 | 60.999,00 |
| Споредна | Велосипед 26 | 5 | 7.500,00 | 37.500,00 |

Вкупниот фонд на награди е 894.089,00 денари со вклучен ДДВ .

7. **Услови за учество** :

Секое полнолетно физичко лице кое во периодот на времетраењето на наградната игра од 10.04.2019 до 07.08.2019 година, ќе направи сметка во вредност над 1.000,00 денари ќе добие налепница и со целосно излепен награден купон од 10 налепници има право да учествува во наградната игра, во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ .

За учество во наградната игра нема ограничување , еден потрошувач може да добие повеќе од 10 налепници и со повеќе правилно пополнети наградни купони да учествува во наградната игра , а со тоа да освои и повеќе награди .

8. **Постапка на приредување:**

Наградната игра се спроведува во период од 10.04.2019 до 07.08.2019 година во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ на територијата на Р.Северна Македонија .

Од страна на организаторот ќе се доделуваат 27 награди од кои една главна награда Автомобил CITROEN NOV C3 FEEL и 26 споредни . Сите награди ќе се извлекуваат врз основа на целосно пополнети наградни купони со впишани лични податоци на потрошувачот ( име и презме , адреса и телефонски број за контакт ) кои ќе треба да бидат испратени по пошта или директно ставени во наградните садови кои ќе бидат поставени во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ ДООЕЛ а ќе пристигнат најдоцна до 07.08.2019 година .

9. **Извлекување на наградите** :

Извлекувањето на главната награда Автомобил CITROEN NOV C3 FEEL и останатите 26 споредните награди ќе се одржи на ден 08.08.2019 година во просториите на ЕКСТРА МАРКЕТ Бр.6 со седиште на ул.Леонид Јанков

бр.4 во Гевгелија во 11,00 часот во присуство на трочлена комисија составена од еден претставник на организаторот на наградната игра и двајца надворешни членови, како и нотар, која комисија ќе води записник за извлекувањето кој ќе биде потпишан од членовите на комисијата , додека нотарот ќе состави записник за регуларноста на извлекувањето.

Извлекувањето на овие награди ќе се врши на начин што организаторот сите пополнети наградни купони од сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ ќе ги стави во голем прозирен сад . Од садот едно лице, откако ќе ги измеша сите целосно пополнети наградни купони со впишани лични податоци на потрошувачите ( име и презиме , адреса и телефонски број за контакт ), ќе извлекува по еден награден купон кој ќе биде добитник на првата споредна награда согласно објавениот редослед , и истото ќе се повторува додека не се извлечат сите споредни награди согласно објавениот редослед .

За извлекувањето на главната награда, едно лице ќе фрли во висина пополнети наградни купони и тој награден купон што ќе го фати ќе биде добитник на главната награда.

10. **Начин на објавување на добитниците** :
Списокот на добитниците на наградите, ќе биде објавен во рок од 3 дена од денот на утврдувањето на сите добитници , во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ и на интернет страницата extramarket.mk со објавување на име и презиме на добитниците и видот на наградата .

11. **Превземање на наградите :**
Организаторот најпрво телефонски ќе ги контактира добитниците на наградите а потоа ќе им ги достави наградите на адресата која ќе му биде посочена од страна на истите во рок од 10 дена од објавувањето на добитниците. Купоните кои се однесуваат на наградната игра , после завршувањето на наградната игра нема да бидат важечки и истите ќе бидат поништени.

12. **Запознавање со наградната игра :**
Правилата на наградната игра ќе бидат објавени во сите маркети на брендот ЕКСТРА МАРКЕТ и на интернет страницата extramarket.mk , а по добивање на согласност од страна на Министерството за финансии .

Учесниците за наградната игра ќе бидат запознати и преку плакати залепени на маркетите , билборди , флаери и рекламен материјал .

13. **Замена на награди** :
Учесниците во наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во официјалните правила од страна на организаторот .

Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број на награди од назначениот . Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества .

14. **Приговори** :
Учесниците во наградната игра имаат право да поднесат приговор во рок од 3 дена од денот на објавувањето на добитниците. Приговорот се поднесува исклучиво во писмена форма до организаторот на наградната игра . Организаторот на наградната игра е должен во рок од 5 дена од денот на приемот на приговорот да одговори на истиот .

15. **Даночни обврски** :
Даночните обврски за добитниците на наградите во целост ги подмирува организаторот на наградната игра во име и за сметка на добитникот. Организаторот е одговорен за сите даноци , надоместоци и одговорности.

16. **Користење на лични податоци :**
Организаторот на наградната игра има право личните податоци на добитниците да ги користи во своите идни маркетиншки цели, по претходно добиена писмена согласност од страна на добитниците за користењето на нивните лични податоци .

17. **Одговорност** :
Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во нагрданата игра на свој сопствен ризик .Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда ако потроши поголема сума на пари . Организаторот не одговара за евентуални штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра .

18. **За брана за учество во наградна игра на вработените кај организаторот , како и членовите на нивните потесни семејства** :
Право на учество во наградната игра немаат вработени лица кај организаторот , членовите на потесното семејството на организаторот , подружници , агенции , советници и сите останати вклучени во создавањето или администрацијата на промоцијата .

Организаторот не одговара во случај кога добиена награда неможе да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот

добитник или негов претставник да се јави или да ја добие наградата во определените рокови или поради технички или правни пречки сврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила , нормативни или законски ограничувања или други околности .

19. **Евентуални спорови** :
Секое несогласување помеѓу организаторот на наградната игра и учесниците во наградната игра ќе се решава спогодбено помеѓу двете страни , а во случај на спор надлежен е Основниот Суд Гевгелија .

20. **Прекин на наградната игра :**
Организаторот на наградната игра може да го прекине спроведувањето на наградната игра во случај на виша сила или технички дефект за спроведување на истата и тоа во период потребен за отстранување на последиците од вишата сила односно техничкиот дефект , по добивањето на согласност од Министерството за финансии .

Во случај на прекин на наградната игра , Организаторот на наградната игра ќе ги информира потрошувачите и учесниците во наградната игра за прекинот на истата, за причините поради кои се прекинува , како и за датумот на прекин на наградната игра , со објавување во дневниот весник Слободен Печат кој е достапен на територијата на која се приредува наградната игра .

21. **Важност на правилата на наградната игра :**
Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа-наградна игра и истите ќе важат се до завршувањето на наградната игра .
Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила .

Организатор на наградна игра
**ДПТУ ЕКСТРА МАРКЕТ ДООЕЛ** Гевгелија
**Управител Ице Ѓоргиев**